**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**Од Четвртото продолжение на Дваесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 14 јануари 2009 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 12,22 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Трајко Вељаноски:** Дами и господа пратеници,

Продолжуваме со Дваесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Павле Трајанов, Крсто Мукоски, Љубисав Иванов Ѕинго, Мендух Тачи, Арбен Џафери, Имер Селмани, Даут Реџепи, Али Ахмети, Хисен Џемаили, Ермира Мехмети, Теута Арифи, Марјанчо Колевски, Фијат Цаноски и Јани Макрадули ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Минуваме на точка 22 - Информација за резултатите од истрагата во врска со падот на армискиот хелихоптер на 12 јануари 2008 година кај катлановско Блаце, во која животот го загубија 11 мировници на Армијата на Република Македонија.**

Во меѓувреме пратеникот Горам Мисовски ме извести со допис кој што е поделен до пратениците во кој што пишува: почитуван претседателе, согласно член 70 од Деловникот на Собранието на Република Македонија ве информирам дека ја повлекувам Информацијата за резултатите од истрагата во врска со падот на армискиот хелихоптер на 12 јануари 2008 година кај катлановско Блаце, во која животот го загубија 11 мировници на Армијата на Република Македонија која што е на дневен ред на Дваесет и четвртата седница, затоа што во Извештајот од Комисијата за испитување несреќи и сериозни инциденти во воздухопловството кој што е поделен на пратениците е одговорено на повеќе прашања и дилеми кои што беа опфатени во Информацијата поднесена од моја страна. Сметам дека целта на мојата иницијатива е постигната, Извештајот за несреќата е објавен во јавноста, доставен е на семејствата на починатите мировници и Обвинителството на Република Македонија. Целата постапка за овој случај сега е во рацете на Обвенителството и семејствата на починатите мировници. Пратеник Горан Мисовски.

Со оглед на тоа дека пратеникот Горан Мисовски ја повлече Информацијата констатирам дека нема расправа по 22-та точка од дневниот ред.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен констатирам дека Дваесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија е завршена.

За утре имаме закажано нова седница.

Ви благодарам.

(Седницата заврши со работа во 12,24 часот).